МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI RURAL

WE EFFECT

**ОГЛАС**

Датум на објава: 02.10.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот “Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница“, кој што го спроведува во партнерство со здружението на жени фармери Моја Фарма од Гостивар, објавува јавен повик за изразување на интерес од страна на медиумските куќи за објава на истражувачка новинарска сторија.

Новинарската сторија треба да се емитува во периодот од **14-16 октомври 2020 година**, а доколку медиумската куќа е во можност најдобро би било истата да се прикаже на **15-ти октомври по повод Меѓународниот ден на руралната жена**. Целта на ваквото емитување на сторијата на националните и локални ТВ медиуми е животната приказна, а посебно економските предизвици со кои што се соочува жената од руралната средина да допре до што е можно поголема и поширока публика за да се долови реалноста со која се соочуваат и во која што делуваат жените од руралните средини. Ова е еден од начините или алатките како предизвиците во достигнувањето и практикувањето на родовата еднаквост може да станат видливи меѓу другите и за донесувачите на одлуки на локално и национално ниво.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

***Зголемена информираност и видливост на родовиот економски јаз во руралните средини кај пошироката јавност***

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставaт писмо за интерес со финансиска понуда најдоцна до **14 октомври 2020 година** **во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*П*роектот “Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница“ е финансиран како под-грант во рамките на проектот „Градење на капацитетите на МРР и нејзините членки" спроведуван од Мрежата за Рурален Развој, а финансиран од We Effect и **Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида).**